# Inbox Inbox Inbox Inbox Inbox Inbox

@

## e - mail адреса за Вашите пораки до Премин: premin@premin.org

Пијам кафе...

И зборувам на телефон, а внука ми седи до мене, го врти глобусот и со прстето запирајќи му го вртењето гледа на кое место запрел прстот и потоа ми го кажува името. Јас треба да кажам да или не. И таа прави список.

Во еден момент застанува во Кина. Јас велам ДА.

Таа ме погледнува под око, и полутивко вели: *има сарс, ако ли?*

Јас потврдувам уште еднаш, и велам: *штоако!*

И веќе сосема сум отсутен од телефонскиот разговор. Зарем и детето е инструирано? Не очекував со таква сериозност да ми го посочи ризикот. А јас застанав зад најдолгиот ѕид на светот како роден Кинез.

Треба да се биде патриот во однос на целава Земјина топка, си мислам, или воопшто да не се биде никаков.

*Мечкин Камен, или Кинески Ѕид*, е следното прашање.

Па што, и во Африка беше слично пред некоја година. Зошто луѓето се врзуваат, за што и да е? Идејата за болест. Боже, тоа е зло.

Мисли глобално, и не делувај; ќе почнам ноќе да пишувам графити по тетовските улици. Графити, графити!

Око за око, паста за заби.

Значи, колку е малечка Земјината топка, може во детска дланка да се смести. Ми се чуди зошто сум ја сакал Америка. И велам: *еј, не ми го допирај Перу! Тргни го прстето, да ти покажам една река, слична на Ганг*; јас, познатиот чилеански комита, со фазан на десното рамо, и со стотици филмови на другото, и со еден пар златни мамузи, со еден стар параброд што ги превезува талкачите на запад, пловам по Амазон, и ветрот ме шиба, безмилосно...

Сфаќаш ли, ѝ велам (сега малку јас ќе ја индоктринирам) ние сме од земја, и затоа целава земја е наша и не е наша во исто време. Не е важно каде си, што си и со кого си. Важно е да го надминуваш сето тоа. Таква е љубовта по дефиниција. НАД.

Вистински филм, нели? Таа во секој случај не ме разбира. Но можеби некогаш, по многу години, ќе се најде во ситуација кога ќе ѝ се најдат овие зборови. *Запомни, ако си на корида, сети се на Шар Планина. Меѓу луѓето секогаш има тензија. Но ти движи се, без разлика.*

*Имаш ли некое друго омилено место? Би сакал еден ден да поседам во Катманду. А да се искачуваш? Не мора.*

*Синајска Гора, бездруго.*

*Но вака мила моја, заличуваме на учебник по географија. Секоја игра по одредено време ја губи магијата. Се сеќаваш на почетокот како ти светкаа очињата кога ми рече: Владивосток! А сега, и најоддалеченото место на планетава ми е овде, зад затворени очи.*

Ноќта, додека сум спиел, таа го направила списокот од земји што ги допре со прстето на глобусот, и покрај секоја од нив мојот одговор. ДА/НЕ. За некогаш, да ни се најде.

***Талита Куми***

